**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1830/2**

# З А П И С Н И К

**Од 59-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 29.03.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамдани,Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека, Анита Латифи и Ристе Панов.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик директор на МРТ, Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет,Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор Програмски сервис,Анета Андонова-уредник,Мери Попова-уреник ,Соња Самарџиева-уреденик и Слаѓана Миливојевиќ-Синдикална организација МРТ

Седницата започна во 13:40 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 58-ма седница на Програмски совет на МРТ.

2. Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2017 година.

3. Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај 2017 од независен овластен ревизор Ефект плус.

4. Извештај за реализација на Програмата за работа на Македонска Радио Телевизија за 2017 година.

5. Информација и барање за склучување на нов Колективен договор за вработените во ЈРП МРТ.

6. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записникот од 58-ма седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 58-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Записникот од 58-ма седница на Програмскиот Совет беше вратен на доработка и како таков да се усвојува на наредна седница.

ТОЧКА 2:**Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2017 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети и детално го објасни пред присутните материјалот од Извештајот.
По излгањето на Виолета за збор се јави претседателот на Надзорниот одбор на МРТ кој истакна дека на своја седница Надзорнит одбор го разгледа Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2017 година без поголеми забелешки, и донесе Заклучок за изработка на анализа околу регулирање на дооелите на МРТ.
По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го стави на гласање Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2017 година.

■ **Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2017 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2017 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет.

ТОЧКА 3:**Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај 2017 од независен овластен ревизор Ефект плус.**
Претседателот на Надзорниот одбор истакна дека Надзорниот одбор го разгледа Нацрт консолидираниот Ревизорски извештај 2017 изработен од независен овластен ревизор Ефект плус и позитивно се изјасни по истиот.
Потоа за збор се ајви Сузана Николвска кој го обајсни пред присутните материјалот од Ревизорскиот извештај.
По ова претседателката на советот го стави на гласање Нацрт консолидираниот Ревизорски извештај 2017 од независен овластен ревизор Ефект плус.

■**Нацрт консолидиран Ревизорски извештај 2017 од независен овластен ревизор Ефект плус** година беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Нацрт консолидиран Ревизорски извештај 2017 од независен овластен ревизор Ефект плус **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет,и дека истиот реално и објективно ја одразува во сите значајни апсекти финансиската состојба на претпријатието.

**ТОЧКА 4:Извештај за реализација на Програмата за работа на Македонска Радио Телевизија за 2017 година.**

Претсседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац пред присутните го образложи значењето и функцијата на ваквиот документ и потребата од негово усвојување.

По излагањето на претседателката во салата беа повикани одговорни уредници на двата програмски сервиси во МТВ.

Прва со излагање по Извештајот започна Мигена Горенца одговрен уредник на вториот програмски сервис на МТВ која рече дека глчавно е задоволна од реализацијата на програмта во 2017 година и ги истакна проблемите кои нстануваат во МТВ 2 и дека програмата на другите етнички заедници има голем проблем со вработени.

Членот Ведат Мемедалија со забелешка дека повторно се провлекува истиуот проблем од секоја година по однос на Извештајот односно не е точно наведено што е сопствено прозиводство а што надворешно и ваквиот документ како што е изработен не е добар однсоно треба истиот да се унифицира за во него да се знае секоја програма што претставува и притоа не е дадено доволно време за разгледување на истиот.

По ова збор зема Мери Попова уредник на Културно-уметничката проргрaма која ги наведе сите програми кои се емитувале реализирале од страна на нејзината редакција како и многубројните манифестации,концерти музички настани вклучувајќи го и последниот најголемиот настан Евросонгот.

Анета Андонова уредник на Образовната програма во МТВ обасјни пред присутните дека нејзината редакција прозиведува 90% сопствена продукција и дека како уредник е задоволна од реализацијата односно од фактот што најголем дел од програмата која била предвидена за 2017 година се изреализирала.Анета во продолжение ги наведе сите емисии поединачно кои се емитуваат од Образовната програма.

Снежана Клинчарова по излагањето на уредничката од образвона програма даде позитивна отценка за образовната програма и детската програма и дополни дека истата е квалитетна и исполнета и гледлива.

Расправата по Извештајот за програмата продолжи со Соња Јачовска Самарџиева уредник на играно-документарната програма која објасни пред присутните дека најголем дел од целокупната програма на МТВ ја создава токму играно-документарната редакција.Иако повеќето проекти се водат како копродукција тоа не значи дека поголемиот дел од изработката на проектите е надворешна туку секогаш најголем процент од изработката е на МТВ.

Членот на советот Златко Јанковски со пофални зборови за играно-документарната програма на МТВ, а посебно за документарната програма коај во изминатите неколку години изработи и емитуваше голем број на документарни филмови кои дадоа позитивно светло на програмите на МТВ,а додека критиките од приватните ТВ куќи по однос на истите тие документарни филмовие беа само поради падот на нивниот сопствен рејтинг.Златко исто така додаде дека треба да се продолжи со продукција на вакви документарни филмови и дека и членовите на советот треба да се вклучат со препораки и мислења по однос на подобрување на целата програма која треба да се прозиведе.

Програмскиот совет по расправата по оваа точка едногласно донесе два Заклучоци:

- Програмскиот совет на МРТ ги задолжува одговорните уредници и уредниците на програмите во МТВ и МРА да изготват квалитативна анализа по однос на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Македонска Радио Телевизија за 2017 година, како и предлози за подобрување на програмата за оваа година и предлага по истата да се одржи тематска расправа на седница на Програмскиот совет на која ќе бидат образложени истите од страна на самите уредници.

■ Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ за наредна седница на советот да обезбеди писмена Информација која ќе го содржи целиот историјат на Музичката продукција на МРТ, односно колку години постоела, како функционирала, како е укината истата, и на крај еден мини план колку ресурси и фианнсии се потребни продукцијата повторно да заживее.

По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија во 2017 година.

■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија во 2017 година** година беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **9** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члеови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија во 2017 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет.

**ТОЧКА 5:Информација и барање за склучување на нов Колективен договор за вработените во ЈРП МРТ.**
Поповод оваа точка од дневниот ред повикана беше претседателката на Синдикалната организација при МРТ Слаѓана Миливојевиќ која пред присутните објасни дека Колективниот договор за вработените во МРТ е веќе истечен и бидејќи не е склучен Анекс на истиот треба да се договори нов Колективен договор, односно за почеток да се отпочне процедура на преговарање.
Членовте на советот се сложија за наредна седница на Програмскиот совет, Синдикалната организација при МРТ, да достави на писмено своите барања со што треба да се надгради предходниот договор кој го имавме,и како треба да изгледа новиот Колективен договор, а Директорот на МРТ за наредна седница на советот да се подготви нов предлог Колективен договор,врз кој во иднинна ќе се одвиваат преговорите со Синдикалната организација.и со тоа практично да започне преговарањето за нов Колективен договор помеѓу Програмскиот совет на МРТ и Синдикалната организација при МРТ.

**ТОЧКА 6: Разно.**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги запозна челеновите со темите исо тоа што било разговарано на двете одделни дебати,на кои присуствувала како претседател на советот,а по предходно добиени покани од организаторите на дебатите, и тоа една по повод ревитализација на музичката продукција во МРТ а друга по однос на носењето на законот за Аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател